Член 2

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 41/14) во членот 10 во ставот 2 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „а одредбите кои се однесуваат на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет кои ќе започнат да се применуваат од 1 февруари 2016 година.“

Член 3

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 135/14) во членот 6 зборовите: „член 5“ се заменуваат со зборовите: „член 4“.

Член 4

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за средното образование.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ARSIMIN E MESËM**

Neni 1

Në Ligjin për arsimin e mesëm (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14 dhe 135/14) pas nenit 24-a shtohet nen i ri 24-b, si vijon:

“Neni 24-b

(1) Ministria, për vendin e zënë të parë, të dytë ose tretë në gara ndërkombëtare nga fusha e matematikës dhe shkencave natyrore, nxënësit dhe arsimtarit që e ka përgatitur nxënësin, ndarazi u jep shpërblim me para në shumë prej 50% të neto pagës mesatare të paguar për punëtor në Republikë në muajin e fundit para ndarjes së shpërblimit për vendin e parë të fituar, 40% për vendin e dytë të fituar dhe 30% për vendin e tretë të fituar.

(2) Me gara ndërkombëtare nga paragrafi (1) i këtij neni nënkuptohet gara në të cilën marrin pjesë nxënës prej së paku dhjetë shteteve të ndryshme.

(3) Për ndarjen e shpërblimit me para nga paragrafi (1) i këtij neni, Ministria shpall thirrje publike një herë në vit.

(4) Ministria, në bashkëpunim me Qendrën për Arsim dhe Trajnim Profesional, mund të organizojë zgjedhje për nxënës më të mirë në profesion nga vitet e fundit të arsimimit në arsimin profesional.

(5) Nxënësit i cili është zgjedhur për nxënës më të mirë në profesion nga vitet e fundit të arsimimit në arsimin profesional dhe arsimtarit i cili e ka përgatitur nxënësin për garë, Ministria ndarazi u ndan shpërblim me para në shumë prej 50%, të rrogës neto mesatare të paguar për punëtor në Republikë në muajin e fundit para ndarjes së shpërblimit.

(6) Mënyrën e zgjedhjes së nxënësit më të mirë nga vitet e fundit të arsimit në arsimin profesional e përcakton ministri, me propozim të Qendrës për Arsim dhe Trajnim Profesional.”

Neni 2

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për arsimin e mesëm (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 41/14) në nenin 10 në paragrafin 2 pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: “e dispozitat që kanë të bëjnë me kushtin për testin e dhënë psikologjik dhe testin për integritet që do të fillojnë të zbatohen nga 1 shkurti 2016."

Neni 3

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për arsim të mesëm (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 135/14) në nenin 6 fjalët: “neni 5” zëvendësohen me fjalët “neni 4".

Neni 4

Akti nënligjor i paraparë me këtë ligj do të miratohet në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 5

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për arsimin e mesëm.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**164.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јануари 2015 година.

Бр. 08-220/1
14 јануари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Во Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 11/14, 116/14 и 130/14), во членот 28 по ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„Студиски програми од трет циклус на студии можат да организираат само универзитетите кои се меѓу првите пет рангирани универзитети и високообразовни установи во состав на универзитетите (факултети и уметнички академии), запишани во регистарот на високообразовни установи во државата, утврдени во последното рангирање согласно членот 77-а од овој закон.

Ако универзитетот, односно високообразовната установи од став 1 на овој член го изгуби статусот на еден од првите пет рангирани високообразовни установи во државата во следното рангирање, во тој случај универзитетот, односно високообразовната установа не може да запише нови кандидати во трет циклус докторски студии. Ако универзитетот, односно високообразовната установа запише нови кандидати Одборот задолжително донесува решение за престанок на решението за акредитација за сите циклуси за кои е акредитиран универзитетот, односно високообразовната установа. “

Член 2

Во членот 53 по ставот 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„Ректор може да биде и лице странски државјанин, под истите услови утврдени во ставовите 2 и 7 на овој член.“

Член 3

Во членот 65 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Декан, односно директор, може да биде и лице странски државјанин, под истите услови утврдени во ставовите 1 и 4 на овој член.“

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Член 4

По членот 69 се додава нов член 69-а, кој гласи:

**„Државен испит**

Член 69-а

Заради проверка на стручната оспособеност на студентите за самостојна примена на стекнатите знаења, способности и вештини пропишани во самата студиска програма, во текот на студирањето и на крајот на завршната година се изведува и државен испит за студенти запишани на прв, односно втор циклус на студии, освен за студентите запишани на студиските програми по општа медицина. Државен испит не полага студентот за оние предмети кои ги положил во рамките на европските програми за мобилност.

Државниот испит за студенти го реализира Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Државниот испит студентот го полага по завршување на втората студиска година, но може и порано доколку студентот има положено најмалку 50% од вкупниот број на предмети предвидени за конкретната студиска програма и на крајот на завршната година на студии, пред одбрана на дипломската работа, доколку студиската програма предвидува изработка и одбрана на дипломска работа.

Државниот испит студентот го полага на крајот на месеците: февруари, април, август и ноември, само еднаш во кварталот на академската година, при што првите две полагања се бесплатни.

Студентите запишани на втор циклус на студии државниот испит го полагат на крајот на последната студиска година.

Првите две полагања на државниот испит за студенти се бесплатни.

Доколку студентот не успее да го положи државниот испит двапати по ред, наредните пријавувања за полагање се на товар на студентот, и тоа за трет пат 1.000,00 денари, за четврт пат 6.000,00 денари и за секое наредно пријавување 12.000,00 денари. Средствата за полагање на државниот испит се уплаќаат на сметката на Одборот.

Државниот испит за студенти содржи пет прашања, односно студии на случај (во натамошниот текст: прашања) од секој од задолжителните и изборните предмети од членот 99 став 3 од овој закон. Прашањата се со различна тежина со четири понудени решенија, од кои едното решение е точен одговор на понуденото прашање.

Прашањата содржани во тестовите за полагање на државниот испит и нивните одговори, се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на државниот испит.

Електронскиот систем од ставот 8 на овој член содржи и јавно достапна база на прашања од областа на клучните предмети за потребите на државниот испит.

Прашањата од секој предмет поединечно кои ќе им се достават, по случаjен избор, на секој студент за време на полагање на државниот испит, преку посебен софтверски систем, ќе бидат од различно ниво на сложеност и тоа две прашања ќе бидат од најсложен вид на прашања, а останати три прашања ќе бидат составени со пониски нивоа на сложеност.

Државниот испит се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

Студентите се информираат за датумот и времето на полагањето на државниот испитот најмалку три дена пред одржувањето на државниот испит.

Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на министерството надлежно за високото образование, а ако поради технички причини снимањето се прекине, сминката од целиот испит се поставува на веб страницата на министерството надлежно за високото образование.

Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на државниот испит ги пропишува министерот надлежен за високото образование на предлог на Одборот.

Во просторијата за полагање на државниот испит, за време на полагање на државниот испит, се присутни еден претставник од високообразовната установа, двајца претставници од Одборот и двајца претставници од министерството надлежно за високото образование, од кои еден е информатичар.

Пред почетокот на полагањето на државниот испит, претставникот од Одборот го утврдува идентитетот на студентот со увид на лична карта или патна исправа.

На студентот за време на полагањето државниот испит не му се дозволува користење учебни помагала, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

На студентот за време на полагањето на државниот испит не му се дозволува да контактира со други студенти или лица освен со информатичарот од ставот 15 на овој член, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а дококу не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој студент се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на државниот испит.

Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите студенти кои го полагаат државниот испит и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на државниот испит.

Во случаите од ставот 18 на овој член доколку студентот не се јави на државниот испит во рокот од најмногу три дена, се смета дека студентот не го положил државниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на државниот испит.

Овластените претставници од ставот 15 на овој член, за време на полагањето на испитот, не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на студентот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Ако студентот не поднесе молба за продолжување на државниот испит во рокот определен во ставот 23 на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

На денот на полагањето на државниот испит, претставникот на одборот му дава на студентот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем.

По одобувањето на пристапот, студентот добива прашања, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем.

Во случај на спреченост на спроведување на државниот испит поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, полагањето на државниот испит се прекинува.

Доколку причините што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на државниот испит, истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

Доколку причините што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем не се отстранат во рок од 60 минути државниот испит се презакажува за друг термин.

Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од државниот испит изнесува 180 минути.

Државниот испит за студенти се смета за положен доколку студентот освоил најмалку 60% од вкупниот број предвидени бодови за секој предмет.

По исклучок од ставот 31 на овој член, државниот испит се смета за положен ако студентот за 20 % од предметите постигнал најмалку 30 % од бодовите од секој предмет поединечно, но вкупниот збир на бодовите да не биде помалку од 60 % од вкупниот број на бодови за сите предмети.

По исклучок, државниот испит за студентите кои студираат на студиските програми од научното подрачје на техничките науки, од студиските програми од областа на спортот, односно на студиските програми од областа на уметностите се изведува на начин со кој соодветно се оценуваат и постигнувањата во решавање на проблеми за техничките науки, односно на совладување на уметничките и спортските вештини.

Прашањата за државниот испит се од листа на прашања кои ги изготвуваат и предлагаат наставниците од високообразовните установи, запишани во Регистарот од член 36 од овој закон.

Прашањата за државниот испит треба да се изготвени согласно методологија за изготвување на прашања за државен испит, која ја утврдува Одборот.

Избор од предложените прашања и нивна ревизија врши Одборот, на предлог на стручно тело, формирано од Одборот.

Студентот кој не го положил државниот испит по завршувањето на втората студиска година може да ги слуша предметите од третата студиска година и да полага најмногу една половина од испитите од предметите предвидени за третата студиска година, но не може да се запише во четвртата студиска година.

Посебните услови за начинот на изведување на државниот испит за студенти, начинот на изведување на посебниот дел од испитот од ставот 33 од овој член, на предлог на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование, по претходна согласност од Владата на Република Македонија“.

Член 5

Членот 70 се менува и гласи:

„Членовите на Одборот ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија. Одборот е составен од 11 члена кои се избираат на јавен оглас кој го објавува Собранието на Република Македонија во „Службен весник на Република Македонија“, во два дневни весника и во меѓународно јавно гласило. Членовите на одборот се избираат од:

- три члена од редот на наставно-научниот кадар од прво рангираниот универзитет според последното спроведено рангирање на сите универзитети и високообразовни установи во состав на универзитетите (факултети и уметнички академии) запишани во регистарот на високообразовни установи во Република Македонија,
- два члена од редот на наставно-научниот кадар од второ рангираниот универзитет според последното спроведено рангирање на сите универзитети и високообразовни установи во состав на универзитетите (факултети и уметнички академии) запишани во регистарот на високообразовни установи во Република Македонија,
- еден член од редот на наставно-научниот кадар од трето рангираниот универзитет според последното спроведено рангирање на сите универзитети и високообразовни установи во состав на универзитетите (факултети и уметнички академии) запишани во регистарот на високообразовни установи во Република Македонија,
- еден член од редот на наставно-научниот кадар од највисоко рангираниот приватен универзитет според последното спроведено рангирање на сите универзитети и високообразовни установи во состав на универзитетите (факултети и уметнички академии) запишани во регистарот на високообразовни установи во Република Македонија,
- два члена од редот на наставници странски државјани од 500-те највисоко рангирани високообразовни установи, рангирани на последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Циао Тонг универзитет,
- два члена кои имаат објавено трудови кои имаат вкупно најмалку 15 бодови, согласно член 95-а став 6 од овој закон, во меѓународни научни списанија со импакт фактор кое е од соодветната област во базата на Web of Science во последните пет години .

Пет члена на Одборот кои се од редот на членовите од ставот 1 на овој член ја вршат функцијата професионално со полно работно време во Одборот и не можат да вршат друга функција и да бидат вработени на друго работно место согласно општите прописи од работните односи.

По исклучок, ако членот на Одборот од ставот 2 на овој член е наставник од областа на научното подрачје медицински науки и здравство, може два дена во текот на неделата надвор од работното време, како и во деновите сабота и недела да ја обавува својата здравствена дејност, без надомест.

Останатите шест члена на Одборот ќе бидат ангажирани за вршење на работи од надлежност на Одборот.

Членовите на Одборот, освен членовите од став 1 алинеа 5 на овој член, треба да имаат објавено трудови кои имаат вкупно најмалку 10 бода, согласно член 95-а став 6 од овој закон, во последните пет години во списание со импакт фактор кое е од соодветната област во базата на Web of Science.

Членот на Одборот, ако мајчиниот јазик не му е англиски јазик, треба да го исполнува и следниот услов:

- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Членот од ставот 1 алинеја 4 на овој член се избира само ако на последното рангирање согласно членот 77-а од овој закон меѓу првите пет рангирани универзитети нема приватна високообразовна установа. Во тој случај се избира уште еден член кој ги исполнува условите од став 1 алинеја 6 од овој член.

Јавниот оглас од ставот 1 на овој член ги содржи и посебните услови за избор на членови на Одборот.

Членови на Одборот не можат да бидат лица избрани за ректор и проректор на универзитет, декан на факултет, односно директор на висока стручна школа и директор на научна установа која изведува високообразовна дејност.

Членовите на Одборот не можат за времетраење на мандатот да бидат и надворешни консултанти на високообразовните установи во државата, ниту членови на стручни тела на Одборот.

Членовите на стручните тела за време на нивното ангажирање не можат да бидат и надворешни консултанти на високообразовните установи во државата.

Одборот од неговите редови избира претседател.

Изборот на претседател се врши по пат на тајно гласање, со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на одборот.

Претседателот на Одборот е од редот на лицата кои ја вршат функцијата професионално со полно работно време и го претставува и застапува Одборот.

Членовите на Одборот се избираат за период од четири години. Едно лице не може да биде избрано повеќе од двапати едноподруго.

Конститутивната седница на Одборот ја свикува министерот надлежен за работите на високото образование.

Членовите на Одборот се независни и самостојни во својата работа и не можат да бидат разрешени од Собранието на Република Македонија пред истекот на времето за кое се избрани, освен во случаите:

- кога на член на Одборот му престанал статусот на професор во работен однос по кој било основ,
- кога е именуван или избран на функција заради која не би можел да биде избран за член,
- кога Одборот констатира дека членот подолго од шест месеца не е во состојба да ги врши обврските,
- ако повеќе од три пати неоправдано отсуствува од седниците на Одборот,
- кога постои конфликт на интерес утврден со закон,
- поради нестручно и несовесно вршење на функцијата, или
- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност.

Одборот има генерален секретар и пет секретари кои се одговорни за одделни области кои се во надлежност на Одборот. Секој од петте секретари има по три заменици. Генералниот секретар, секретарите за одделни области и нивните заменици ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија врз основа на јавен оглас кој го објавува Собранието на Република Македонија.

Генералниот секретар, секретарите за одделени области и нивните заменици имаат мандат од четири години.

Генералниот секретар и секретарите за одделени области треба да имаат најмалку диплома за магистер и да поседуваат еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Заменициte на секретарите треба да имаат најмалку степен на образование VI А, согласно Националната рамка на квалификации, најмалку две години работно искуство во струката и да поседуваат еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Генералниот секретар треба да има најмалку пет години работно искуство во струката, а секретарите за одделени области најмалку три години работно искуство во струката.

Нето платата на генералниот секретар е во висина од пет просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година и се исплаќа од Буџетот на министерството надлежно за работите на високото образование.

Нето платата на секретарот одговорен за одделна област е во висина од четири и половина просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година и се исплаќа од буџетот на министерството надлежно за работите на високото образование.

Нето платата на заменикот на секретарот одговорен за одделна област е во висина од четири просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година и се исплаќа од буџетот на министерството надлежно за работите на високото образование.

Генералниот секретар, секретарите за одделени области и нивните заменици можат да бидат разрешени од Собранието на Република Македонија во случаите:

- кога е именуван или избран на функција заради која не би можел да биде избран за генерален секретар, секретар за одделена област, односно заменик,
- кога подолго од шест месеца не е во состојба да ги врши обврските,
- кога постои конфликт на интерес утврден со закон,
- поради нестручно и несовесно вршење на функцијата, или
- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност.

Одборот, за потребите на вршењето на својата работа формира стручни тела, кои се составени од стручни лица од соодветната област од листа на стручни лица.

Листата на стручни лица се формира од пријавени експерти кои ги исполнуваат условите на јавниот оглас кој го објавува Одборот на својата веб страна.

Одборот за својата работа доставува годишен извештај до Собранието на Република Македонија за усвојување, најдоцна до 30 април во тековната за претходната година. Содржината на извештајот треба да биде согласно водичот на Европската мрежа на агенции за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).

Нето платата на членот на Одборот кој ја врши функцијата професионално во Одборот изнесува седум и половина просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година, освен за членовите од ставот 1 алинеја 5 на овој член, за кои висината на надоместокот е во висина од петнаесет просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година. Членовите од ставот 1 алинеја 5 на овој член имаат право на надоместок за направените трошоци за превоз, како и за сместување и здравствено осигурување во Република Македонија.

Надоместокот на членот на Одборот кој не ја врши функцијата професионално во Одборот изнесува три и половина просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година, освен за членовите од ставот 1 алинеја 5 на овој член, за кои висината на платата е во висина од седум просечни нето плати исплатени во Република Македонија во минатата година. Членовите од ставот 1 алинеја 5 на овој член имаат право на надоместок за направените трошоци за превоз, како и за сместување и здравствено осигурување во Република Македонија.

Платата на членот на Одборот кој е професионално ангажиран во Одборот, се исплаќа од буџетот на министерството надлежно за работите на високото образование, а надоместокот на членот на Одборот кој не е професионално ангажиран во Одборот и на стручните тела на Одборот може да се исплаќа и од сопствените приходи на Одборот.

Член 6

Во членот 71 став 1 по алинеа 8 сврзникот „и“ се заменува со запирка и се додаваат две нови алинеи, кои гласаат:

„ - го реализира државниот испит за студенти,

- го спроведува стручниот дел од приемниот испит за студенти, странски државјани и“.

Член 7

Насловот и членот 94 се менуваат и гласат:

**„Прв циклус академски студии**

Член 94

Првиот циклус на академски студии трае четири години и со неговото завршување се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити.

Лицето кое ги завршило студиите од став 1 на овој член се стекнува со диплома со додавка на соодветната струка, ако со закон поинаку не е уредено.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од став 1 на овој член припаѓаат на VI А ниво од Националната рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на првиот циклус на студии е baccalaureus, односно baccalaurea.

Студиските програми од прв циклус на академски студии се базираат на истражувања и на студентот му обезбедуваат компетенции и методолошки вештини во една или повеќе научни области и го квалификуваат да работи независно во рамките на својата професија.

Студиските програми од прв циклус на академски студии според содржината и резултатите од учењето треба:

- да го воведат студентот во академските дисциплини во една или повеќе научни области преку вклучување на теории и методи за да може да се стекне со широки академски знаења и вештини;

- да му овозможат на студентот академски знаења, теоретски и методолошки квалификации коишто ќе го оспособат за самостојно идентификување, формулирање и решавање на сложени проблеми во рамките на соодветните составни делови на предметните области и

- да го оспособат студентот стекнатите неопходни основни вештини да ги применува за практикување на професијата на одредени стручни работни места и за влез во вториот циклус на академски студии.

Содржината на студиската програма за првиот циклус на академски студии од член 99 од овој закон треба да има најмалку 80% совпаѓање на содржините и исходите од учењето со иста или слична студиска програма, која се изведува на универзитет, кој се наоѓа на првите 50 места од соодветната област, на ранг листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Циао Тонг Универзитет од Народна Република Кина, освен за слободно изборните предмети.

По исклучок од став 7 на овој член, содржината на студиската програма за првиот циклус на академски студии од член 99 од овој закон од полето на правните науки, треба да има најмалку 60% совпаѓање на содржините и исходите од учењето со иста или слична студиска програма, со која се изучува европското континентално право, а која се изведува на универзитет од Европскиот простор на високото образование кој се наоѓа на првите 20 места од соодветната област на ранг листата која ја изготвува Центарот за светска класа универзитети при Шангајскиот Циао Тонг Универзитет од Народна Република Кина, освен за слободно изборните предмети.

Ставот 7 на овој член не се применува на студиските програми од областа на уметностите, националната историја и лингвистиката .

Студиската програма за прв циклус на студии најмалку содржи:

1. Назив на студиската програма на македонски и англиски јазик согласно Фраскатиевата класификација на научните подрачја, полиња и области. Ако студиската програма се реализира на друг јазик различен од македонскиот јазик, а кој го користат припадниците на заедниците во Република Македонија, називот на студиската програма е на тој јазик, македонски јазик и англиски јазик.

2. Елаборација на општествената оправданост од студиската програма со прилози за поткрепување, кои се однесуваат на домашни и стратешки документи на Обединетите Нации и докажана консултација со релевантни потенцијални работодавачи по однос на вработливоста.

3. Европска димензија на студиската програма преку компаративно прикажување на содржините со исти или слични студиски програми од најмалку три релевантни универзитети од ставовите 7 и 8 на овој член.

4. Потребните квалификации на наставниот и соработничкиот кадар од соодветното научно поле за изведување на предметните содржини за кои се избираат.

5. Оптовареност изразена во ЕКТС и доколку е предвидено, подготвителни курсеви.

6. Услови за запишување на студиската програма посебно за: редовни, вонредни и странски студенти кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма, од државната матура или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување.

7. Опис на академскиот профил:
- цели на студиската програма,
- наставни предмети и
- академски и стручни знаења, вештини и способности кои се стекнуваат со завршување на студиската програма согласно Националната рамка на високообразовни квалификации.

8. Правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис со:
- цел на предметот и резултати од учењето согласно Националната рамка на високообразовни квалификации,
- детална содржина на предметот по поглавја и единици со резулатите од учење за секое поглавје,
- оптовареност со предметот изразена во ЕКТС,
- детален опис на наставните и работни методи за предметот,
- взаемна поврзаност на предметите и
- неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот.

9. Правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, дипломска работа и други активности кои се изведуваат писмено кои опфаќаат најмалку содржина, големина, начин на пишување и други релевантни барања.

10. Правила со кои се уредува начинот на оценувањето и опис на вреднувањето на постигнувањата на студентот како и можностите за избор на предмети на универзитетите во Македонија и странство.

11. Правила со кои се уредува практичната настава (и работното искуство за вработените вонредни студенти), нејзиното изведување, придобивки, поврзаност со исходите од учење на студиската програма и предметите како и оценување на постигнувањата од практичната настава.

12. Роковите за завршување на предвидените активности од студиската програма.

13. Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма.

14. Содржина на додатокот на диплома кој се издава со завршување на студиската програма.

15. Работни места според важечката ИСЦО (ISCO) класификација на занимања за кои студентот е оспособен за работа на почетно ниво.

16. Научни полиња за студиски програми од втор циклус на академски и стручни студии, за кои со завршување на соодветната студиска програма од прв циклус на студии, се обезбедува соодветна проодност.

Посебните услови за организирање, изведување и содржината на студиските програми за прв циклус на академски студии по научни полиња како и начинот на писменото, усното и другите видови на оценување на знаењата, способностите и вештините на студентите ги уредува Одборот за акредитација и евалуација на високото образование врз основа на претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Согласност на академскиот назив, по претходно мислење од министерот надлежен за работите на високото образование, дава Одборот за акредитација и евалуација на високото образование".

Член 8

Членот 95 се менува и гласи:

„Академските универзитетски студии од вториот циклус траат една односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити. Овие студии можат да траат и подолго доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на првиот и вториот циклус на академски универзитетските студии изнесува 300 односно 360 ЕКТС кредити.

Лицето кое ги завршило студиите од ставот 1 на овој член со вкупно 300 ЕКТС кредити се стекнува со назив – магистер специјалист од соодветната област и нема право за продолжување на студии од трет циклус.

Лицето кое ги завршило студиите од ставот 1 на овој член со вкупно 360 ЕКТС кредити се стекнува со научен назив – магистер на науки, или со друг назив на студиите од членот 106 на овој закон.

Во меѓународниот промет и диплomата на англиски јазик, научниот назив по завршување на вториот циклус на студии од став 3 на овој член е master.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на вториот циклус на студии од став 4 на овој член е master of science.

Лицето кое ги завршило студиите од став 1 на овој член со 300 односно со 360 ЕТКС кредити на студиските програми од уметноста се стекнува со назив – магистер на уметности и имаат право за продолжување на студии од трет циклус од областа на уметноста.

Академските студии од областа на уметностите се состојат од два дела: магистерски труд и јавна изведба на уметничко дело или изложба.

Посебните услови за академските студии од став 1 на овој член од областа на уметноста ги пропишува високообразовната установа со посебен акт “.

Член 9

Во членот 95-а ставот 2 се менува и гласи:

„Право да биде ментор на студентите од втор циклус на студии има само наставник кој објавил најмалку шест труда во меѓународни научни списанија или трудови кои имаат вкупно најмалку 5 бода, согласно став 6 на овој член во списание со импакт фактор кое е од соодветната област во базата на Web of Science и кој добил акредитација од Одборот за акредитација и евалуација во високото образование.“

Ставот 5 се менува и гласи:

„Право да биде ментор на студентите од втор циклус на студии од областа на уметностите има само наставник кој има остварено најмалку три соодветни врвни уметнички изведби во последните пет години на релевантни домашни и меѓународни настани согласно листа која ја изготвува Министерството за култура и кој добил акредитација од Одборот.

По ставот 5 се додаваат два нови става 6 и 7, кои гласат:

“Труд објавен во списание со импакт фактор кое е од соодветната област во базата на Web of Science носи вкупно пет бода. Авторот кој го објавил трудот самостојно добива пет бода. Доколку трудот има повеќе автори, првиот автор добива четири бода, вториот два и пол бода, а секој нареден автор добива по два бода.

За авторите кои објавиле трудови од став 6 на овој член, министерството надлежно за работите на високото образование, води Регистар во електронска форма, кој се објавува на неговата веб страна.

Член 10

Во членот 96 став 6 зборовите “најмалку два“ се заменуваат со зборовите “трудови кои имаат вкупно најмалку десет бода , согласно член 95-а став 6 од овој закон.”, а по зборовите „импакт фактор“ се додаваат зборовите „кои се од соодветната област во базата на Web of Science,“.

Во ставот 10 зборовите: „или еден труд во меѓународно списание со импакт фактор“ се заменуваат со зборовите: “или трудови кои имаат вкупно најмалку пет бода, согласно член 95-а став 6 од овој закон во меѓународно списание со импакт фактор кои се од соодветната област во базата на Web of Science.“.

Ставот 12 се брише.

Член 11

Во членот 104 ставот 2 се менува и гласи:

„На студиските програми од прв и втор циклус акредитација врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, а решение за почеток со работа дава министерството надлежно за работите на високото образование. На студиските програми од трет циклус акредитација врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, а решение за почеток со работа дава Владата. Извештаите за акредитација и евалуација целосно се објавуваат на веб страната на Одборот. “

Ставот 4 се менува и гласи:

„За студиските програми од прв и втор циклус на приватните високообразовни установи решение за почеток со работа дава министерството надлежно за работите на високото образование, по претходна акредитација од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. За студиските програми од трет циклус решение за почеток со работа дава Владата, по претходна акредитација од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Извештаите за акредитација и евалуација целосно се објавуваат на веб страната на Одборот. “

Член 12

Во членот 105 ставот 4 се менува и гласи:

„Студиските програми од втор циклус кои содржат 120 кредити и заедно со 240 кредити стекнати на првиот циклус на академски студии и траат две години, се вреднуваат како магистерски студии. “

Во ставот 5 бројот „180“ се менува со бројот „240“.

Во ставот 6 бројот „300“ се менува со бројот „360“.

Член 13

Членот 106-а се брише.

Член 14

Во членот 108 ставот 2 се брише.

Во ставот 3 кој станува став 2 зборовите: „или училишна матура во уметничко образование“ се бришат.

Ставот 14 кој станува став 13, се менува и гласи:

„Студентите странски државјани се запишуваат на студии на јавните и приватните високообразовни установи под исти услови како и државјаните на Република Македонија, по исклучок на условите утврдени во ставовите 1 и 2 на овој член и доколку претходно имаат положено приемен испит. “

По ставот 14 кој станува став 13 се додаваат 13 нови ставови 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26, кои гласат:

„Приемниот испит за студенти, странски државјани е составен од два дела и тоа: тест за проверка на јазичните вештини и стручен испит. Тестот за проверка на јазичните вештини се состои од прашања со кои се проверува нивото на познавање на јазикот на кој кандидатот ќе ја следи наставата, а кој не може да биде понизок од ниво „Б“, освен ако високообразовната установа не одредува повисок степен на познавање на јазикот на кој се изведува студиската програма.

Тестот за проверка на јазичните вештини го спроведува сертифицирана високообразовна установа согласно стандардите на Заедничката европска рамка за референтност на јазиците, поставена од Советот на Европа, по посебна програма утврдена од високообразовната установа, а по претходна согласност од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Трошоците за полагање на тестот за проверка на јазичните вештини се на товар на кандидатот.

Висината на средствата за полагање на тестот за проверка на јазичните вештини ја определува високообразовната установа, по претходна согласност на министерот надлежен за високото образование.

Стручниот дел од испитот го спроведува Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, во високообразовната установа во која се запишуваат студентите странски државјани и се состои од прашања од два предмети клучни за соодветната област.

Стручниот дел од испитот од ставот 14 на овој член се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број на прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Прашањата на тестот зависно од тежината се вреднуваат со поени определени во тестот.

Прашањата содржани во тестовите за полагање на стручниот дел од испитот и нивните одговори, се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на приемниот испит.

Електронскиот систем од ставот 21 на овој член содржи база на прашања од областа на предмети за потребите на стручниот дел од испитот.

Во електронскиот систем е содржано и посочување на литература во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот и вториот дел од испитот.

Резултатите од полагањето на стручниот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Студентите странски државјани кои ги стипендира Владата на Република Македонија кои студираат на универзитетите на кои наставата се изведува на англиски јазик, не полагаат приемен испит доколку достават доказ/диплома за познавање на ниво Б1 од Европската јазична рамка, издадена од официјален европски тестатор, член на Здружението АЛТЕ на европски тестатори.

Студентите странски државјани кои сакаат да се запишат на студии на јавните и приватните високообразовни установи во Република Македонија, не го полагаат вториот дел на приемниот испит, односно тестот за проверка на јазичните вештини, ако следат настава на јазик на државата од која доаѓаат или претходното образование го завршиле на јазикот на кој се изведува студиската програма на високообразовната установа на која се запишуваат.“

Член 15

По членот 108 се додава нов член 108-а кој гласи:

„Член 108-а

